# Промоција на публикацијата “Политички консензус за економската иднина на Република Македонија“

Автори: д-р Марјан Николов, д-р Борче Треновски, м-р Христијан Ристески и Љубица Ристовска
Промотори: Стојан Андов и проф. Гордана Сиљановска-Давкова
Модератор: проф. д-р Сашо Арсов
Датум и место: 24.10.2013 Сала на Советот на Град Скопје

**Сашо Арсов:** Денешната промоција е на публикацијата со наслов “Политички консензус за економската иднина на Република Македонија” во издание на Центарот за економски анализи, а од авторите Марјан Николов, Борче Треновски, Христијан Ристески и Љубица Ристовска. Мене ми претставува особено задоволство што денеска сме присутни на еден ваков настан кадешто се појавува едно **научно дело од редок формат** во нашата земја би рекол, кадешто една млада истажувачка екипа прв пат после 20-тина години плуралистички развој во РМ на хартија и практично аналитички им пристапи на прашањата на економските гледишта на политичките партиии во нашата земја. За тоа за што се залагаат а што прават во реалноста и кои се резултатите од сето тоа.

Кога се прават анкети во јавноста за тоа кои се проблемите кои најмногу ги мачат луѓето обично на прво место секогаш ги ставаат токму економските прашања, проблемите на невработеноста, сиромаштијата, немаштијата, прашањата на нивната низвесна економска иднина. Токму затоа и политичките партии кога се обраќаат до своите гласачи многу често и акцент ставаат томку на овие прашања и нудат наводно идеални решенија. Меѓутоа од она што се прокламира и што се случува во практиката често пати имаме прилично голема разлика. Токму затоа ова дело практично прави една убава анализа на **што е тоа што политичките партии го најавуваат, што е тоа што го реализираат и во смисол на тоа каде имаат консензус а каде се разидуваат во одделните прашања**. Како промотири на ова дело имаме личности коишто се несомнено вистинските за една ваква анализа, за едно вакво истражување. Тоа се, ќе појдам од дамата, професорката Гордана Силјановска Давкова, редовен професор на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје, и господинот Стојан Андов, првиот претседател на македонскиот парламент по осамостојувањето на земјата. Токму овие гости коишто се и рецензенти на ова дело се и промотори на делото така што ке им дадам збор на нив. Согласно со програмата господинот Андов е прв. Повелете.

**Стојан Андов:**

Благодарам. Кога ми се обрати господинот Марјан Николов да се нафатам на оваа задача ми ја кажа темата и ми кажа дека работела една уиграна екипа стручњаци и од радозналост прифатив и добро ја погледав пред да биде објавена се разбира. Сакам да го изнесам својот прв впечаток

дека **оваа релативно мала книга докажува дека ние во Македонија имаме многу малку, но сепак имаме институции кои со својот увид при избор на теми и увид во самите теми држат чекор со современите текови во светот и со да кажам врвните и најодговорните институции во светот**. Оваа книга е прилагодена за кај нас, прилагодено осврнување кај нас и давање оценка на сите оние прашања што Светската банка сега ги поставува како прашања на можноста да се совлада сиромаштијата и подпрашање дали растот е единствено мерило на напредокот (економскиот раст годишен) или треба и колква и каква корекција да има таму. Бидејќи тој проект на Светска банка сега е подржан и од една отворена комисија во рамките на Генералното собрание на ОН, целата таа слика за зафаќање со проблемот на сиромаштијата во светот како еден од најтешките пробелми станува актуелна и многу интересна.

Нашите тоа што го кажале овде како наслов Политички консензус за економската иднина на РМ според присуството во салата произлегува дека е таа стара работа, има политички консензус и иднината ни е осигурана, па секој си тера некоја друга работа. За жал нешто друго покажува оваа неприсутност овде на меродавните луѓе дека фактички немаме ние консензус. Иако овде измериле според програмите на политичките партии кој степен на консензус и по кои прашања има консензус. И **по тие прашања на кои има навидум програмски консензуз, политичка активност во вид на консензус не постои и во Македонија ние мораме да признаеме дека не си ја знаеме економската иднина.**

**Овде се поставува прашањето за кои се факторите на растот, а потоа и кои се потребите за воведување на ново мерило индекс на одржување на економска благосостојба.** Двете работи се успешно направени и поставуваат многу нови прашања. Јас сега мислам дека штом сте дошле и вие и тие што не дошле ќе ја читаат книгата и ќе видат што направила групата а јас сакам да сугерирам што треба да се направи во идните чекори на оваа група која мислам дека е надежна, знае да ги постави работите и може да работи. Сега само треба да биде поддржана. **Мислам дека треба да се направи покомплетен увид во сите области на ресурсите кои ние ги имаме.** Да кажеме во фиксните фондови што ги има оваа држава, со кој капитал таа влегла во транзиција и каде е сега. Има тука еден дел направено, но мислам дека треба повеќе .Треба да се одмери што се случувало пред тоа. Македонија постои како држава од '44 година. Наваму може да се мери имаме и податоци за таа работа. **Тоа треба да се види и кај капиталот треба да ѕе види дали од '91 може да се види што се случувало со капиталот, дали се намалувал дали растел ,со која брзина растел, дали во последниве години кога треба да е завршена транзицијата дали ние имаме нето прилив или нето одлив на капитал или тоа прашање е ирелевантно т.е. не постои бидејќи не се сменило ништо кај нивото на нашиот капитал**. Од Светка банка мислам даде објаснување дека за не знам колку точно години 12-15 од Македонија се одлиени околу 4 милијарди и 160 милиони. Од тоа во последниве 7-8 години се одлиени 3 милијарди. А колку дошле? И дали тие што дошле не се дел од овие што се одлиле. Во сферата на капиталот на тоа треба да се посвети внимание. Во другите ресурси во овој момент е **многу значајно да се анализираат добро и нашите човечки ресурси** . Овде тоа е оценето и тука се забележани

пробелемите за невработеноста колку е таа тежок товар на ова наше општество. Меѓутоа еден ефект кој е нејизбежен, а некако им промакнал а мислам дека понатаму ке треба да го обработат бидејки имаат сили овие луѓе, тоа е иселувањето на работоспособното население од Македонија. **Фактичкото пустошење во тој дел на земјата. Бидејки сега одат од Македонија само тие што се најспособни за работа.** Така ги привлекува работодавецот. Не прима таму да појдиш како азилант. Така не треба, не сака да те издржува и да создадеш не само за себе туку многу повеќе и повеке и за него. И самата Европа дека нема доволно наталитет, нема доволно млади луѓе кој ќе го носат товарот на развојот и на техниката, технологијата и науката, таа се повеќе се ослонува и си врши избор овде. **Тој избор што го вршат овде катастрофално ќе се одрази на иднината економска на земјата бидејки ќе остане само оној дел кој е недоволно способен кој не може да се мери со светот**. И што ќе правиме ние тогаш како земја? Во една прилика се шегував но изгледа тоа е жалосна вистина Македонија зошто пропаднала после Александар Македонски? Па пропаднала зошто се што било способно отишло со него, освојувало по светот и заглавиле, а овде останале тие што не можеле да одат. Не од исти причини но ќе не снајде истата судбина. Ќе останеме овде само сите преку 45- 50 години и од нив некој ако е подобар ќе ви го земат и тој. Ќе останеме овде ние кои не само што не можеме да предвидиме иднина и успешно да се бориме за неа туку веројатно нема ни да ја имаме. Тоа е второто прашање за кое сакам да обрнам многу повеќе внимание да се концентрираат натаму затоа што база има и овие луѓе можат тоа да го сторат.

**Третото прашање е околината или природата што ни ја оставила нас.** Досегашниот развој по мое мислење тие наши наследени вредности и предности ги доведе во прашање во некои делови од нашата територија. Во источниот дел каде што има рудници на олово и цинк – Тораница, Саса, Пробиштип, на бакар – Бучим во Радовиш, се’ се тоа производи кои многу ја загадуваат почвата. Технологијата е таква се излива во водата и покрај сите работи ја загадува почвата. Имаме топилница во Велес, Фени во Кавадарци. Не знам дали ќе верувате ама според податок од општината Кавадарци за една година има преку 400 умрени а во Велес кој е загаден 230. Тој дел како ќе се менаџира со околината наша со тоа од што живееме каде не поставл Господ Бог овде да живееме и дали ќе успееме да ја заштититме. **Прво да се евидентира состојбата и тоа да се евидентира објективно, не тенденциозно заради дневни интереси на овој или оној и да се прикриваат работите, а последиците да ги трпат луѓето.** Така да се евидентира состојбата и бидејки они гледам имаат увид што се случува по светот да најдат примери каде тоа е санирано, каде има слични програми и тоа е санирано. **Општо земено и со ова сакам да завршам, ова е еден многу корисен труд. Може на многу луѓе да им помогне да појасно гледаат на нашата ситуација и да почнат да гледаат пообјективно и на нашата иднина и како таа иднина се гради**. Овие млади луѓе сите сакам да ги пофалам, сакам да ги поддржам и апелирам и до јавноста и до државните органи да имаат повеќе разбирање за нивниот труд и да ги поддржат во напорите. Благодарам.

**Гордана Сиљановска- Давкова:**

Јас не знам како се одвивала информацијата за овој настан, но денеска очекував луѓе од владата, од политиката , очекував луѓе од науката, од бизнисот, од цивилниот сектор. Затоа насловот "Политичкуи консензус за економската идинина на Република Македонија" е проблематичен и прашањето држи, зошто **за да тргнете во градење консензус треба да чуете научна аргументација, која за мене морам да кажам е новина во Р. Македонија.** Многу малку книги, многу малку трудови, многу малку дела, многу малку проекти имаат системски или интердисциплинарен пристап. А денеска науката станува се поинтердисциплинарна. Токму таа интердисциплинарност доведе до мое познанство со раководителот на ЦЕА, и навистина **не само што Центарот знае што е различно, туку е и различен од многу други институции кои се бават со оваа проблематика**. Имав задоволство да бидам една од првите кои го прочитаа и докторатот на Марјан бидејќи и тој е интердисциплинарен, зашто истото е и со оваа студија и мојата прва дилема беше дали сум квалификувана за економски прашања. Но, скицата ми покажа дека тука има и социоекономска и има политиколошка анализа.

**Малкумина, кажувам во областа на економијата, и малкумина во областа на политичките и социолошките науки посегаат по овој толку потребен метод**. Уште во обраќањето до читателите се најавува оваа системска анализа инаку мене блиска во мојта струка особено по Дејвид Истон таткото на политичкиот систем, а претходно кај Винер многу многу одамна се загатнува. Зошто политички консензуз за економски проблеми? Зошто дебата економска, социолошка, политиколошка, меѓупартиска меѓу цивилното општество и меѓу владините претставници? **Зошто само на тој начин ние ќе креираме политики, економска политика, а не политика во смисла на англискиот збор politics како борба на политичките елити за власт која е одгатната понатаму во овој труд**. Оти за жал денеска еден од водечките Хролд Ласвел, вели дека политиката значи кој, кога и како ќе добие. Каде? Во така наречената авторитативна алокација на вредности. Да го искористам авторот кој мене ме инспирирал Дејвид Истон, кој вели дека за жал трката за власта е врзана за посегање по вредностите. **Колку сте поблиски до статусот политички, толку и полесно ќе посегнете по вредностите во општеството. Ама идејата не е основна таа. Туку да креирате политики коишто ќе водат сметка не само за економските параметри, туку и за категории коишто вие овде ги набројувате. Денеска веќе климатските промени, денеска веќе ограничените водени ресурси, денеска веќе енергетските потреби и кризата, денеска веќе чудните демографски движења, денеска веќе урбанизацијата, не можат да бидат како проблеми запоставени при креирањето на економската политика на Р. Македонија.**

Значи она што како што се потенцира во оваа студија во прашањето зошто е нужен консензусот на политичките елити пред се, да почнам со прашања кои ми се мене блиски, **укажува на неверојно важната улога денеска на лидерите реформатори и визионери во креирањето на усогласена стратегија за економскиот развој.** Меѓу останатото дојдов овде со задоволство кога прочитав дека еден од промоторите ќе биде господинот Стојан Андов. Не само заради неговата улога во политиката, туку заради визионерство во економијата. И денеска го чувте тоа. Како секој критички

настроен економист тој ја пофали студијата, но веднаш определи и некои патеки по коишто овој успешен тим треба да бара одговор по прашања што се врзани исто така за политичкиот консензус. **Значи недостигот на дебата е очигледен во оваа земја во сите сфери**. И тогаш енергијата наместо да се кумулира, наместо да се фокусира на долгорочни економски цели се троши за жал на дневно-политички комбинаторики. **Затоа мислам дека е многу важно што овој тим овде ги маркира коридорите на македонската економија и не само тоа бидејќи тоа е економско прашање, економска проблематика туку  ги поставува основите на една можна платформа за консензус**. И затоа сакав јас една полна сала бидејќи кога мислев дека **кога ќе се инспирирате од нешто вредно во науката, тогаш ќе можете и самите да барате решенија, ама и да вршите притисок врз оние кои се клучни актери во креирањето на консензусот.** Значи неспорно е дека, дури и прашалникот што сте го испратиле и судбината што ја доживеал, веќе говори за отсуството не на консензус туку на подготвеност за консензус за социоекономските и политичките претпоставки за нешто што господинот Андов го рече неопходно за одржлив развој.

**Исто така неопходно е за да се маркираат фазите во креирањето јавни политики оти не е доволно иницијативата да биде секогаш топ даун одозгора, значи потребно е да се чујат сите кои знаат нешто од таа област а особено она што е хроничен недостиг, недостигот на евалуација, а за да има евалуација треба да има мониторинг** . Ама мониторингот не може да биде себенабљудување туку треба да биде од некој друг независен однадвор, којшто поинаку ги поима и ги перцепира овие категории. Значи со право заклучувате дека креирањето на јавните политики, овде се предмет економските, но слободно можеме да зборуваме и за останатите, **е во Македонија главно екслузивен, а не инклузивен модел на одлучување.** Значи ако ние за Соединетите Американски Држави се шокираме кога слушаме дека политичкиот систем е се поостра пирамида и дека никогаш разликите меѓу оние на врвот на и оние во основата не биле поголеми па трагаме по средниот слој што  го нема, морам да кажам дека е **шокантно што и македонскта пирамида е многу слична**. Неколју проценти луге се на врвот, за жал на тоа вие укажувате, но многу ретко слушаме за овие прашања. **Значи за да има легитимитет една власт треба да води сметка точно за последиците од овие радикални процеси на економско и на социјално раслојување.** Предмет на анализа во оваа студија е и процесот на децентрализација. Еден од темелите на модерна Европа е децентрализацијата. Јасно е дека локалната власт по дефиниција е поблиска до граѓаните. Не сум убедена дека тоа во Македонија секогаш е така. **Заклучокот дека се соочуваме со фрагилна и спора децентрализација, па дури и со елементи на рецентрализација, не само што држи, не само што  е докажан туку и предупредува. Бидејќи кај нас процесите на децентрализација се врзани не само за локалнта самоуправа туку и за меѓуетничките односи.** Исто така, иако не сум економист, би сакаала да укажам дека и покрај Законот за рамномерен регионален развој, Македонија има нерамномерен регионален развој. Тоа е и за лаик во економијата како мене очигледно. Значи Скопје и останатото. Ние мораме да размислуваме бидејки може да се соочиме со онаа теза дека метрополата ќе стане некропола, ќе се задуши, ќе се парализира. Бидејки од инфраструрата до здравство до социјална заштита,  до образование, е невозможно да одговори на ваквите процеси. **Значи она што мислам дека е**

**многу важно а што досега не беше земано во доволна мерка во креирањето на економските политики, е она што го споменав, занемарувањето на некои извонредно важни варијабли при креирањето на политиките и понатаму отсуство на еден интегриран модел на решавање на економските проблеми. Нашата политика ако тргнеме на теоретско ниво многу повеќе е инкременталистичка одошто е тоа модел на рационална политика кој креира систем.** Или ако сакате дневно одговарање на проблемите или гаснење на пожари меѓутоа отсуство на стратегија. Неколку збора би сакала да кажам за делот којшто мене ми е близок и да се пофалам на истата проблематика за политичките партии, вредностите и демократската консолидација минатата година јас како коавтор издадов книга во Лондон. Издавач е Палгрејв Макмилан. Токму на тоа се однесува. Што покажуваат истражувањата? Прво не можеме да избегнеме од наследството кое ни остана од Бивша Југославија во економска во смисла на политичка култура, образование здравство, социјална заштита, национализам итн. Нашата транзиција беше и задоцнета беше и предолга. Има конференции или тези под наслов изгубени во транзицијата. **Зошто тогаш постои или се толерира молкот на повеќето политички партии или што резултира со инертност во комукникацијата, отворено да се прозбори за новонастанатите или продолжените или стимулираните хендикепи од она што ние го наследивме, бидејки ние на некој начин наместо зад себе да оставиме во оваа долга транзиција дел од проблемите, зошто тоа е неопходно за консолидација, дури како да ги доразвиваме или да ги потенцираме слабите страни наместо да решаваме дел од нив.** Мислам дека еден од изворите на проблемите овде се во она што вие го детектирате - отсуството на консензус. **Еден длабок расчекор меѓу она што е декларирано и она што е реализирано**. Или на планот на идеологијата на политичките партии тоа еден врвен познавач Кирк Хајмер вели дека денес во светот доминираат таканаречените кечол партии. **Значи ниту една идеологија не им е страна доколку води до гласачот или ако сакате зборува за дезидеологизација на политичките партии, бидејќи толку денеска е тешко релативизирано да определите што е лево, што е десно, што е центар. Значи немаат идеолошка матрица некои политички партии што е дирекнто поврзано со социоекономската состојба, оти обично логиката на идеологијата, е логика на припадноста на некој начин, на втемеленоста на идеолошката матрица во социјално економските односи.** Да не должам многу, ќе препознаеме во активностотие на многу партии хибридна идеологија. Социјадемократите посегаат по мерки специфични за либералите, либералите односно конзервативните партии посегаат по социјалдемократски мерки. Може некој да рече, па тоа е логично бидејки ако либерализмот е мега или мета идеологија неминовно е, зборувам како либерална држава или економија, нормално е да вградите дел од тоа. Или пак може некој да рече Македонија е по Уставот социјална држава, па не можете да не водите сметка за тоа. **Но, јас мислам дека посегањето по мерките од друга идеологија специфични за друга партија не е толку инспирирано од економските, социолошките и политиколошките предизвици, колку од прагматичноста на современите политички партии вклучувајќи ја и Република Македонија и нејзината партиска сцена**. Значи да заклучам за мене **се работи за еден редок феномен во македонската научно-истражувачка мисла да, се креира ваква студија бидејќи реков дека хронично страдаме од недостиг на мултидисциплинарен пристап којшто е се почест и попрактикуван во светот,**

**особено во економската и во политичката наука**. Затоа мислам дека, се надевам, тоа и го потенцирав во делот за евалуацијата на мојата рецензија, дека ако сакаме, ако имаме намера особено оние кои се клучни актери во креирањето на економските политики, да создадеме основа за долгорочен одржлив развој, дека треба почесто да консултираме студии и книги од овој тип, кои повикуваат на дебата и на консензус меѓу владата како главен креатор на економскта политика, бизнис заедницата, науката цивилниот сектор, но и партиите. Многу пати сум рекла но не знам можеби и овој пат повикот ќе удри во ѕид или барем ехото можеби ќе остане. Не останува оваа студија само на повик, туку **навистина има сериозна анализа на транзициските индикатори на македонскиот прогрес и ги идентификува областите на долгорочен консензус со една напомена дека дури и во некои области каде е очигледен консензусот немаме напредок, што е пак една нова дилема.** Јас навистина им честитам на научната и на стручната храброст, но исто така и на креативноста и на етичкиот однос во перцепцијата на социо-економските проблеми. Одговорно тврдам во областа што ми е позната дека научната методологија, користената литература, искуството се гаранција и јас се надевам дека ќе ја разбудат или ќе ја разбрануваат ама затоа овде требаше да има луге, македонската не само економска туку и политоколошка и социолошка мисла, а особено владата бидејки политиките не можат да бидат креација само на министерот за економија и на подпретседателот одговорен за економски прашања. Значи ќе побудат интерес кај нив особено кај бизнис елитата и кај невладиниот заради нивниот нужен притисок за насушната потреба од аргументирана дебата во оваа земја и сметам дека **ова е вреден влог во градењето на консензусот за клучните прашања на економскиот развој на Република Македонија.**

<u>**Сашо Арсов:**</u> Благодарам професорке. Секогаш е интересно да се слушнат исцрпни аргументации од страна на познавачи на политичките системи и од оние кои редовно го следат и го анализираат македонскиот политички систем. Лично се надевам дека Вашите апели за будност и за отворена дискусија од страна на актерите на политичката сцена нема да останат залудни. На крај и претседателот и лидерот на овој тим Марјан Николов би сакал да ни каже нешто за ова истражување.

<u>**Марјан Николов:**</u> Добро што да се каже после ова. Се што е потребно веќе го има во оваа публикација и ќе добиете по една копија сите што сте овде присутни. Протоколарно морам да изразам неколку благодарности. Прво на спонзорот на ова истражување а тоа е тинк тенк фондот на институтот Отворено општество од Будимпешта. Потоа сакам да изразам благодарност на тимот што ова го работеше. Овде се присутни д-р Борче Треновски, м-р Христијан Ристески и еден млад истражувач којшто ми остави посебен впечаток Љубица Ристовска којашто како и многуте способни луѓе за жал одлучи да остане да работи и понатаму да се школува во САД. Значи тоа е уште еден пример за она што го зборуваше господинот Стојан Андов. Понатаму благодарност до промоторите и воедно и рецензенти како и до професор д-р Горан Петрески којшто е исто рецензент на оваа книга. Благодарност и до Сашо Арсов што прифати да ја прочита книгата за да може да го моделира поефикасно овој настан. Нормално ова беше предизвик за нас, дали

воопшто да влеземе во  една ваква работа, имајќи во предвид се’ она за што сублимирано професорката зборуваше. Со самото тоа што е наречено феномен,  излегувањето на едно вакво нешто, кажува доволно за предизвикот пред којшто бевме соочени.  Во перцепција ни е да има и втор дел. Вториот дел треба да биде **дирекнти разговори со партиски лидери и со стопански комори, земјоделци и синдикати за да се откријат мегите на нивните визии и да се види дали има простор за платформа со барем неколку заеднички цели, нормално за економската иднина на Република Македонија**. Во тој втор дел корисни се сугестиите кои што ги добивме денес. Тие ние ги би ставиле во делот на развојот на мислата на Светска банка хронолошки од кога се формирани во крајот на 40-тите години  бидејки тие прво тргнуваат од инфраструктурата, значи физички капитал, потоа  природниот капитал во 60-тите, 70-тите се занимаваат со човечки капитал, за 80-тите веќе да зборуваат за финансиски капитал, 90-тите години општествен или social capital и сега веќе стануваат поактуелни темите за институционален капитал или за капиталот на животна средина. **Во таа насока може да се стави онаа структура и сугестиите кои беа дадени за да се истражи каде е Македонија со физичкиот капитал, што се случува со човечкиот капитал од едноставни причини како што е иселувањето на квалитетниот кадар и во тој случај се поголем процент на рентсикери коишто остануваат во оваа држава.** Со ова јас би завршил. Значи не остануваме на ова. Тоа е главната порака продолжуваме ние и понатаму го прифаќаме тој предизвик. Да се обидуваме колку што е можно поефикасно да стигнеме до таа некоја платформа барем за една- две работи да може да има консензус.

Сашо Арсов: Благодарам. Пред да завршиме со целиот настан би сакал да поканам некој од присутните доколку има прашање евентуално до промоторите  односно авторите на ова дело. Доколку не јас би апелирал до сите што сме тука да го прошириме ова дело во нашите средини онаму кадешто сме, за да стигне до повеќе  од оние заинтересирани луѓе коишто денеска можеби не беа во можност да бидат со нас. Со ова би ја затворил денешната промоција. Благодарам.